**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 22.11.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 5310 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 6 до 12 ноември 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 ноември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално–инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 6 до 12 ноември 2017 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на член 92 ставови 4 и 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на албански, турски и/или македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 29 часа 25 минути и 40 секунди музика;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 16 часа 36 минути и 50 секунди, а забавната музика со 12 часа 48 минути и 50 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 13 часа 4 минути и 34 секунди музика, од кои 4 часа 31 минути и 15 секунди народна и 8 часа 33 минути и 19 секунди забавна музика.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***